20
23

YOUTH DIGITAL PARTICIPATION NEUEYT

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОЛИТИКИ

## НОВА РАМКА ЗА ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО И АНГАЖМАН НА НЕДОВОЛНО ЗАСТЕПЕНИТЕ МЛАДИ ВО ЕВРОПА – NEUEYT

Ви го претставуваме извештајот за политики на NEUEYT, базиран на иницијативи за млади, учесници, креатори на политики, локални заедници и младински организации.

Co-funded by the European Union

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОЛИТИКИТЕ

# Нова Рамка за демократско учество и Ангажман на Недоволно Застепените Млади во Европа – NEUEYT

КАЗ – ПОДДРШКА ЗА РЕФОРМИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА МЛАДИТЕ ОД ЕВРОПА ЗАЕДНО

Project No.:604631-EPP-1-2020-1-IT-EPPKA3-EU-YTH-TOG.

Co-funded by the European Union

*Оваа публикација ги одразува само гледиштата на авторите, а Извршната агенција за образование, аудиовизуелна и култура и Европската комисија не можат да бидат одговорни за каква било употреба на информациите содржани во неа.*

# СОДРЖИНА



**1.Вовед**
1.1. За проектот
1.2. Цели на проектот
1.3. Партнери на проектот

**2.Осумте нови иницијативи за младинско учество**
2.1 Создавањето на иницијативите
2.2 Осумте иницијативи

**3. Создавањето на препораките**
3.1. Списоци со повеќе учесници
3.2. Табели со повеќе учесници

**4. NEUEYT –Препораки за политиките**

# 1.ВОВЕД

**Ви го претставуваме извештајот за политики на NEUEYT, базиран на иницијативи за млади, учесници, креатори на политики, локални заедници и младински организации. Овој документ е исход од проектот NEUEYT, кој предлага да се работи на иновативни иницијативи за зајакнување на активното граѓанско и демократско учество помеѓу младите 16-20 години, особено младите кои се недоволно застапени во носењето одлуки за политиките, земајќи ги предвид оние кои живеат во оддалечени/рурални области.**

**1.1 За проектот**

NEUEYT е амбициозен проект кој врз основа на партиципативен пристап има за цел дизајнирање и тестирање на иновативен сет на иницијативи, кои би имале капацитет да го зајакнат граѓанскиот ангажман на младите. Проектот посветува посебно внимание на недоволно застапените, односно "невидливите" во литературата, под претпоставка дека дигитализацијата може да има клучна улога во појавувањето на нови форми на дијалог. Конзорциумот на проектот сметаше дека дигиталниот пристап на новоразвиените иницијативи за учество, ќе го намали јазот помеѓу невидливите млади. Ова го претставува клучниот аспект на овој проект.

За да се постигне резултатот од овој проект, конзорциумот темелно работеше на собирање на предностите на е-демократијата во Европа, преку идентификување на нивните карактеристики. Ова истражување вроди со 8 основни иницијативи, кои се тестирани на ниво на земја партнер, со што веќе се активираат младите и се ставаат во корелација со креаторите на политики.

Методологијата која се користеше за спроведување на овие иницијативи, се фокусираше на активното вклучување на младите и креаторите на политики во активностите во локалните заедници, со што тие беа инволвирани од истражувањето до пилот проектот, од развојот на препораката за политики до повратните информации проследени до иницијативите на рамката. Овој пристап беше воден од истражувањето на активностите, ко-креирањето и принципите за развој на заедницата.

Главната целна група за овој проект беа младите на возраст помеѓу 16 и 20 години.



### 1.2 Цели на проектот

- Зголемување на активното учество во демократскиот живот на недоволно застапените млади, преку комбиниран пристап, нови формати за дискусија/дебата, и иновативни таргетирани јазици;
- Зголемување на можностите на младите, да бидат ислушани од страна на учесниците и креаторите на политики на локално, регионално, национално и меѓународно ниво;
- Тестирање нови начини за мешано учество на младите, во воведување иновации во палетата на услуги обезбедени од страна на учесниците и провајдерите, во области од интерес за младите, според перспективата за одржливост;
- Промовирање на концептот дека младите треба да ја одредат иднината на Европа: потенцирање на општата идеја дека клучен момент е инвестирањето во младите, и стекнување на нивната доверба во институциите и заедницата.

### 1.3 Партнери на проектот

Партнерството вклучува 6 земји (IT, GR, CY, NMK, FR, NO) и собира јавни (локални и регионални), како и приватни тела (меѓународни мрежи, младински здруженија и невладини организации), сите вклучени во еманципација на младите и креирање политики.

Конзорциумот се состои од:

- vGlocal Factory – Верона, Италија (лидер на конзорциумот)
- Poraka Nova – Струга, Северна Македонија
- Associazione Foris – Бриндизи, Италија
- Hub Nicosia - Никозија, Кипар
- E-Trikala, Трикала, Грција
- Pistes Solidaires – Пау, Франција
- Agder County Council – Агдер, Норвешка

# ПАРТНЕРИ



# 2. ОСУМТЕ НОВИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

**8-те иницијативи се основниот исход од проектот. Сите иницијативи беа тестирани во сите партнерски земји, и исто така сите иницијативи беа тестирани во повеќе од една земја. Сите иницијативи вклучуваат средба помеѓу младите, креаторите на политики и учесниците. Тестирањето на иницијативите резултираше со "Глобална рамка на иницијативи", изработена од партнерите на проектот.**

## 2.1 Создавање на иницијативите

Создавањето на 8-те нови иницијативи беше процес развиен во различни чекори.
За време на првиот чекор, партнерите на проектот направија опширно работно истражување за постоечките добри практики, кои вклучуваа дигитално, демократско и активно учество помеѓу младите, младинските работници и креаторите на политики.
Значи, што претставува добра пракса? Тоа не е само практика која е добра, туку и онаа за која е докажано дека добро функционира, и дава добри резултати, и токму затоа се препорачува како модел. Тоа е успешно искуство, тестирано и потврдено во широка смисла, кое се повторува и заслужува да биде споделено, како би можело да го присвојат што поголем број на луѓе.



Сите утврдени добри практики ги исполниле следниве критериуми:

- Ефикасни и успешни.
- Одржливи.
- Родово чувствителни.
- Технички изводливи.
- Партиципативни по природа.
- Реплицирачки и прилагодливи.

Свесни за сите фактори на собраните различни добри практики, конзорциумот на проектот се состана за тридневна обука на целокупниот персонал, каде што се осврнаа и дебатираа за научените лекции во врска со избраните најдобри практики. Овој чекор беше од исклучителна важност, бидејќи се фокусираше на релевантните податоци за дизајн и развој на Новата рамка за демократско учество и ангажман на недоволнозастапените млади во Европа. За време на оваа обука, партнерите работеа заедно и заеднички ги обликуваа 8-те иницијативи, врз основа на критериумите на добрите практики.

## 2.2. Осумте иницијативи

**Прецизирање:** Прецизирање е активност која има за цел да ги натера младите да размислуваат во врска со актуелните прашања кои влијаат на нивниот живот, и да го анализираат проблемот на чие решавање ќе работат, пред различните креатори на политики преку критички забелешки.

**Крени го гласот:** Оваа активност има за цел да осмисли и спроведе голем број активности, кои ќе им овозможат на младите да ги истакнат најдобрите и најлошите места во градот, и да го споредат нивното секојдневно патување и живот, во однос на местото на живеење.

**Самозастапуван инфлуенсер:** Самозастапувачкиот инфлуенсер е активност која има за цел да ги натера младите од помалку застапените заедници, да работат во парови со млади луѓе на модули фокусирани на стекнување знаења за работа со социјалните медиуми, и изразување преку различни алатки. Главната цел ќе биде да се слушне нивниот глас, и да се предизвика реакција од страна на релевантните креатори на политики.

# ИНИЦИЈАТИВИ



**pARTme:** pARTme е активност која има за цел стимулирање на младинскиот ангажман и демократското учество преку дигитално – уметнички јазици. Во оваа активност, група на млади ќе учествува на натпревар и самостојно ќе изработи "колаж" составен од видеа, песни, слики и останати за нив познати онлајн содржини, кои најдобро ја опишуваат една од избраните теми, поврзани со активно и демократско учество. pARTme би значело "демократско учество преку сплет од уметности".

**Тивка Дебата:** Тивката дебата има за цел да им даде на младите можност да се изразат на неколку актуелни теми, преку учење како да дебатираат и да комуницираат меѓусебно и со креаторите на политики. Тивката дебата им овозможува на сите да бидат слушнати, повикува на почитување на различните мислења, и го олеснува говорот. Овој метод го охрабрува дијалогот со текстот и со останатите членови на групата; го охрабрува личното вклучување и напредокот на групата; им дава време на сите да размислуваат, и да се изразат себеси без да бидат прекинати, но и да ги испушаат другите.

**Шест чекори за учествово граѓанските и демократските процеси**: "6-те чекори за учество во граѓанските и демократските процеси" се активен процес на учење кој има за цел да ги поттикне промените во нашето општество, тоа е процес на учење базиран на проблеми, кој ги охрабрува младите луѓе да поставуваат прашања, да размислуваат за прашањата кои влијаат на нивниот живот, и да ја истражат комплексноста на реалните ситуации во светот.

**Патоказ до дигиталниот младински совет:** Патоказот до (дигиталниот) младински совет има за цел да обезбеди чекор-по-чекор водич за тоа како да се создаде младински совет кој може да се користи од било која друга европска земја, како патоказ за демократско учество.

Панел We & Us: Во панелот We & Us, младите ќе можат да спроведат истражување на 10 теми од нивни интерес. За да го направат тоа, тие ќе мора да дизајнираат алатка која ќе биде од корист за ова истражување, како и да го прошират истражувањето, и да обезбедат репрезентативни информации.

# ИНИЦИЈАТИВИ



# 3.СОЗДАВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

**Препораките за политиките се изградени врз основа на колективните искуства од иницијативите и влезните податоци од табелите на учесниците.**
**Препораките за политиките имаат за цел капитализирање на сите резултати добиени за време на спроведувањето на иницијативите, во врска со развојот и тестирањето на рамката, и сите испорачани резултати и исходи генерирани во фазата на тестирање. Меѓународната лабораторија и мобилноста на младите и креаторите на политики, преку својот ангажман, го поддржаа квалитетното влијание на испорачливите можности. Тестираната рамка е фино приспособена за идната одржливост и преносливост.**



### 3.1 3.1 Списоци со релевантни чинители

Списокот со повеќе релевантни чинители беше изработен од страна на секој партнер. Луѓето на списокот на учесници се политичари, врвни администратори, младински работници, училишни лидери, или други релевантни целни групи на некој начин вклучени во работата со младите луѓе, на формален или неформален начин. Списокот ќе се употреби за дистрибуција на информации за проектот; да се регрутираат учесници за иницијативите и да се изврши регрутација за состаноците со релевантни чинители.

### 3.2 Состаноци со релевантни чинители

Во секоја земја на локално ниво се организирани состаноци со релевантни чинители, со цел да се споделат одлуките и да се валидираат излезните/испорачливите резултати. Состаноците се состојат од минимум 8-10 членови од списокот со учесници, покрај најмалку двајца млади од целните групи. Застапувачите од табелите одржаа 3 состаноци на кои се дискутираше за рамката и обемот на проектот; искуствата од иницијативите и препораките за политиките.

Некои чинителите учествуваа во мобилност на меѓународно ниво, учејќи и разменувајќи искуства со застапувачи од други земји, кои ги имплементирале истите иницијативи. Членовите на групата учесници се обврзани да се осигураат дека собраните искуства и знаења создадени во проектот NEUEYT и понатаму ќе продолжат, надминувајќи го животниот век на проектот.

Препораката за политиките ги акумулираше придонесите од секоја табела со повеќе учесници, а за време на реализација на панелот со активности за учество од рамката, се појавија клучни препораки за надминување на специфичните предизвици.

# СОСТАНОЦИ СО РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ



# 4. NEUEYT – ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

**ВОВЕД И ОПШТИ РАЗМИСЛУВАЊА**

**Креаторите на политиките и учесниците треба да сфатат дека младите луѓе се подготвени да учествуваат во демократскиот живот, без да бидат премногу ангажирани, ниту да бидат приморани. Тоа значи дека треба да можеме да предвидиме дека начинот на кој младите луѓе ќе се вклучат можеби нема да биде во согласност со нашите очекувања. Оттука, нивниот ангажман нема да биде еднообразен, и тој (исто така) ќе зависи од тоа колку се смета на нив од страна на креаторите на политики и релевантни чинители.**



Креаторите на политиките и релевантните чинители треба да гледаат на дигиталните алатки како потенцијално вредни во зајакнување на учеството на младите во демократските процеси,доколку се користат во насока на нивните особености. Сепак, дигиталните алатки се само второстепени, и дополнување за физичкиот ангажман. Бидејќи не сите млади имаат пристап, или сакаат да ги користат социјалните медиуми (SoMe), политичарите, исто така, треба да ги посетат училиштата и другите релевантни собиралишта каде што младите луѓе се присутни/активни. Размислувањето во насока на целосна замена на традиционалните алатки и формати на интеракција, може да биде и контрапродуктивно и ризично за самиот демократски процес.
Комуникацијата преку дигитални алатки е прилагодена за брза и честа кратка размена на информации. Дигиталните алатки и социјалните медиуми понатаму често се користат за изразување незадоволство, или за манифестација на негодување и протест. Политичките процеси пак од друга страна, се од долгорочна и комплексна природа.
Остварувањето на првиот состанок помеѓу младите и креаторите на политики е едно нешто. Создавањето на вистинските околности кои им овозможуваат да работат заедно со меѓусебна почит и разбирање на долг рок е многу попредизвикувачки, и бара напредни социјални вештини од двете страни.
Постои меѓугенерациски јаз во употребата на дигиталната сфера кој треба да се земе предвид. Возрасните и младите имаат тенденција да живеат во различен дигитален простор. Тешко е да се најде заедничка основа бидејќи алатките брзо се менуваат.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ



# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

**I. Обезбедување доволно и еднакво дигитално поврзување и пристап.**

1. Јавните власти на сите нивоа треба да обезбедат доволно дигитално поврзување на нивната територија, и да работат на решавање на нееднаквостите во пристапот до интернет и дигиталните технологии, помеѓу младите во различни области (централни наспроти периферни) и групи.

**II. Промовирање на подигање на свеста, образование и обука за користење на дигитални алатки и социјални медиуми, и медиумска писменост помеѓу младите.**

1.Креирање на образовни програми со капацитет за поттикнување на социјална/општествена одговорност, толеранција, солидарност и граѓанско учество помеѓу младите луѓе.

2.За да учествуваат во политичките процеси на конструктивен начин, на младите луѓе мора да им се дозволи да го формираат своето мислење врз основа на факти и аргументи, и да имаат пристап до квалитетни информации потврдени од доверливи извори. Младите, исто така, треба да ја подигнат својата свест за негативните влијанија на социјалните медиуми (на пр. непрепознавање на лажните профили, изложеноста на лажни вести, лажни вредности, влијанија, и привид на совршен живот), и да развијат медиумска писменост и способност за критичко размислување.

3.Организација на курсеви за обука/отворени трибини за подигнување на свеста за соодветната употреба на дигитални алатки/социјални медиуми за студенти, наставници, професори, високиот кадар во образовниот систем- како и министерството за образование.

4.Истакнување на важноста на дигиталното застапување и креирање политики, со што се повикува на формирање на национални образовни програми за спојување на технологијата, активизмот и политиката.

5.Развивање системи/процедури за подобра валидација на неформалното образование, како важна алатка за зајакнување на активното учество на младите во демократскиот живот.



ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

**III. Овозможете им на учесниците и креаторите на политики подобро да го разберат и управуваат посебниот начин на кој младите комуницираат преку социјалните медиуми и дигиталните алатки.**

1. Учесниците, креаторите на политики (и воопшто возрасните) треба да разберат дека младите имаат многу поинаков начин на комуникација – особено преку социјалните медиуми или дигиталните алатки во глобала. Нивниот карактеристичен начин на споделување на пораки, информации и емоции преку најразлични пристапи се разликува од начинот на возрасните. При интеракцијата со младите треба да биде задолжително сите возрасни колеги правилно да го сфатат овој аспект, за да можат соодветно да дејствуваат.  Во спротивно, пораката наменета за младите можеби нема да стигне до нив, или постои ризик да биде погрешно протолкувана.
2. Младите сакаат да бидат протагонисти и на граѓанското учество, и затоа очекуваат да бидат одговорни кога ќе се вклучат во општеството. Учесниците и креаторите на политики треба да им доверат на младите одговорности за активностите и иницијативите, а истовремено да можат да прифатат грешки и да бараат поддршка и надоместок.
3. Креативноста на младите исто така може да предизвика непредвидливост, која би можела да ги фрустрира возрасните или креаторите на политики. Затоа, тие треба да развијат подготвеност и способност за справување со младинската креативност (надвор од однесувањето по протокол), со цел да имаат корист од нивниот придонес во демократскиот живот, и како чинители во заедницата.
4. Фрустрацијата и разочарувањето што го доживуваат креаторите на политики и учесниците при соработката со младите е дел од играта, но тоа не треба да ги води кон прекинување на односите со младите. Има потреба од трпение, а алтернативните начини на интеракција треба да бидат (креативно) развиени и имплементирани од страна на учесниците.
5. Активното слушање е можеби најценетата вештина која младите ја бараат во нивната врска со возрасните во контекст на демократското учество. Креаторите на политики и учесниците треба да бидат активни слушатели на континуирана основа при комуникацијата со младите.



# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

**IV. Треба да се тестираат различните пристапи и форми на Интеракција помеѓу носителите на одлуки и младите.**

1.Креаторите на политики и учесниците треба да ги слушаат и (подобро) да ги разберат потребите и пораките што младите ги споделуваат преку дигиталните канали. Важно е да се користат едноставни алатки за повратни информации од младите луѓе, на пример слични на анкетите за задоволството од услугите на аеродромите ("смајли копчиња").

2.Креаторите на политиките и учесниците, исто така, треба да се прилагодат на променливите потреби и навики на младите луѓе, како и технолошките промени, и да ги надградат своите вештини за да ги разберат проблемите со кои младите се соочуваат онлајн.

3.Младите не секогаш имаат широк политички интерес на возраст од 16 до 20 години. Но, тие сепак се вклучени во развојот на нивните заедници, а често и во поединечни случаи. Поради ова се јавува потреба да се развијат платформи, каде што младите ќе бидат ислушани на поединечни теми, без да бидат приморани да се вклучат во пошироките политички теми.

4.Креаторите на политики и учесниците треба да им дадат јасен сигнал на младите луѓе дека се заинтересирани да го слушнат нивното мислење, и да ги сфатат сериозно. Тие, исто така, треба да бидат искрени во комуникацијата со младите луѓе, и доколку е потребно да ги наведат и објаснат потенцијалните несогласувања.

5.Истражувајте и применете алтернативни форми/канали на интеракција помеѓу носителите на одлуки и младите, како што се:

а) Филмови – за разлика од опширните документи кои најчесто се непривлечни за младите – филмовите имаат потенцијал за започнување на конструктивен разговор помеѓу младите и политичарите.

б) Подкасти кои би можеле да претставуваат корисни алатки за подигнување на свеста за младите во политичките прашања.

в) "Тивка дебата", бидејќи го охрабрува личното вклучување и градењето на групата; Им дава време на сите да размислуваат, да се изразат себеси без да бидат прекинати, и да ги ислушаат другите.



# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

6.Охрабрување на младите луѓе да дејствуваат како "амбасадори" за ангажирање на други млади во политички процеси. Врсниците претставуваат убедливи примери и сведоштва за останатите млади. Затоа, тие би можеле да бидат најдобрите "инфлуенсери", и најверодостојни во очите на другите млади луѓе.

7.Користете соодветен урбан простор, на пример автобуси, за да соберете податоци од младите луѓе за развојот на локалната средина.

8.Обрнете особено внимание на отстранувањето на бариерите за демократско учество на младите луѓе со попреченост, изложени на ризик за социјално исклучување и сиромаштија.



Co-funded by
the European Union

YOUTH
DIGITAL
PARTICIPATION NEUEYT

# ПАРТНЕРИ НА ПРОЕКТОТ

GLOCAL FACTORY

e-trikala

AGDER
County Council

НОВА порака СТРУГА

pistes solidaires

HUB NICOSIA

FO.R.I.S.

## Потребни ви се повеќе информации за нашиот проект? Контактирајте не на:

Website
**www.e-participationyouth.eu**

Facebook page
**facebook.com/neueyt.youth**

Email Address
**info@glocalfactory.com**

Instagram page
**facebook.com/neueyt.youth**

